# 34. СТОЕВ ЕРГЕН СТО ГОДИНИ

Крај: Тиквеш, Сопот
Пеел: Спиро Ефтимов
Роден: Сопот, 1942 год.
Мелограф.: Ал. Линин

Лента бр. 213/2
Снимена: Кавадарци, Тиквеш
22 ноември 1958 год.
Мелограф.: Скопје, 16.05. 1964.




1. Стоев ерген сто години,
   Рефрен:
   **Рам бара, дум бара.**

2. На сто и една се оженив,
   Рефрен:

3. Зедов жена спрема мене,
   Рефрен:

4. Сѐ на мене работница,
   Рефрен:

5. — Купи мажу сто драм бубаќ,
   Рефрен:

6. Ми го плела три години,
   Рефрен:

7. Три години, три вретена,
   Рефрен:

8. На вретено по три жички,
   Рефрен:

9. Се сторија девет жички,
   Рефрен:

10. Па ми сплела пола чарап,
    Рефрен:

11. Ниту пети, ниту прсти,
    Рефрен:

12. Види црква, замини си,
    Рефрен:

13. Види племња, прекрсти се.
    Рефрен:

Забелешка: Секој стих и рефрен се пеат по двапати.

Линин, Александар. Тиквешки народни песни. Скопје: Мисла 1978